Бр./Nr 09-3814/2
14-09-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 38-мата седница, одржано на ден 10.09.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со број 09-3814/1 од 09.08.2019 година доставена од вработени во ____________, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-3814/1 од 09.08.2019 година.

Предметот со број 09-3814/1 од 09.08.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-3814/1 од 09.08.2019 година е оформен врз основа на доставена пријава од вработени во ________________, во која е наведено дека Директорот на _________ истовремено е и сопственик на кабелски оператор.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, констатира дека во пријавата нема основ за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон, односно, во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не постојат одредби кои забрануваат службено лице истовремено да биде сопственик на трговско друштво, а по извршената административна проверка во Дистрибутивниот систем на Централниот Регистар на Република Северна Македонија, лицето ________ не се јавува како основач на трговско друштво.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок на ДКСК
Изработил: Сашко Колев
Одобрил: м-р Шемши Салаи, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател,
Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk